Бобан Петровски

UDK 908(497.751)"11/15"

ПРАШАЊЕТО ЗА ПОСТОЕЊЕ НА СРЕДНОВЕКОВЕН ГРАД ПОЛОГ

Апстракт: Единствениот податок за постоење на средновековен град Полог се содржи во "Географијата" на Арабјанецот ал-Идризи, од средината на XII век. Меѓутоа, овој податок соочен со современите, но и подоцнежни изворни сведоштва не може да ја издржи научната критика поради фактот што сите останати извори сведочат за Полог односно Полози како за област (Горен и Долен), а не за град. Нашата анализа покажа дека ниту кај биографот на Скендербег Марин Барлети од XVI век, на кој се повикуваат одредени историски авторитети, нема информација која засведочува постоење на еден таков средновековен град. Оттука, произлегува дека името на ал-Идризиевиот град Полог всушност се однесува на некоја населба во областа Полог.

Единстинствени експлицитни конфирматорски изворни сведоштва за град Полог се содржани во делото "Географија" на Арабјанецот ал-Идризи, настанато во крајот на 1153г[1]. Во него, на три места се понудени податоци за средновековниот град именуван како Полог. Најпрво, при опишувањето на патот кој од Драч водел за Орфано стои: "меѓу споменатиот Ахрида (Охрид) и град Булугу (Полог) има два дни [пат]. Градот Булугу е убав и е [расположен] на една голема планина. Меѓу него и Ускуфија (Скопје) на североисток има еден ден [пат]". Потаму во делото, на местото каде Идризи го опишува патот од Драч до Белград на реката Дунав е наведено: "Од Дурас до Батарла има два дни [пат], потоа до Ахрида-четири дни, до град Булугу-

[1] Б.Недков, "Географията" на Идриси, 10. Сп. и C.G.Savvides, Notes on al-Idrisi, 450, каде се посочува годината 1154 за настанување на делото.

два дни, потоа до град Ускуфија-еден ден. Ние веќе ги опишавме овие градови"[2]. Исто така и во картата која е дадена во прилог на текстот означено е населено место со име Полог[3].

Кај научната јавност овие изворни сведоштва предизвикуваат виден интерес веќе столетие и половина. Притоа, се јавила двојбеност по прашањето дали треба да се посвети безрезервна верба на овие сведоштва на ал-Идризи, од што призлегуваат и мислењата на истражувачите за тоа дали постоел средновековен град Полог. Така, Р.М.Грујиќ, поддржувајќи го мислењето на В.Томашек[4], се искажал дека тој град Полог, како центар на обединетите Полози, се наоѓал на местото на денешното село Градец[5]. А.М.Селишчев, пак, врз основа на описот на ал-Идризи, но и на податок од М.Барлети кој се однесува на настани од XV век, сметал дека таквата положба на градот Полог укажува на местоположбата на Тетово[6]. Ј.Трифуноски, прашувајќи се каде се наоѓал средновековниот град Полог, дошол до заклучок дека истиот лежел кај селото Милетино[7]. Ст.Романски, иако прв укажал на возможноста од грешка во именувањето на Полог како град, посочувајќи дека и во средниот век под тоа име е позната област по горното течение на Вардар, сепак се приклонил кон мислењето на А. Селишчев[8]. Т. Томоски истакнал дека сомневањето на Ст. Романски не е без основа и дека градот Полог всушност бил безимена мала феудална населба, "градец" во Полог, која го добила името на областа во која лежела од некој

[2] Б.Недков, "Географията" на Идриси, 37, 41.
[3] С.Кендерова-Б.Бешевлиев, Картите на Ал-Идриси, 41-42, 64-65, 138.
[4] W.Tomaschek, Der Arabers Idrisi, 361.
[5] Р.М.Грујић, Полошко-Тетовска епархија, 39.
[6] А.М.Селищев, Полог, 76.
[7] Ј.Трифуноски, Где се налазио град Полог, 153. Сп. и С.Радовановић-Јов.Трифуноски: Где се налазио град Полог, 611-612, каде авторот го дополнува Ј.Трифуноски, наведувајќи дека и на ал-Идризиевата карта меѓу Скопје и Охрид постои вцртан град Полог.
[8] Ст.Романски, Тетово и Пологъ, 6. Од него презема P.Gautier, Theéophylacte No. 12, 166 бел. 22.

известувач на ал-Идризи[9]. Б. Недков, кој изготвил превод на бугарски јазик на "Географијата" на ал-Идризи според Софискиот ракопис, во фуснотата за Булугу (Полог) наведува дека Полог е област во горното течение на Вардар[10]. Повикувајќи се на преводот на Б.Недков, Г.Шкриваниќ во Вториот том на Monumenta Cartographica Jugoslaviae се изјаснил дека средновековниот град Полог се наоѓал во подножјето на голема планина, најверојатно Шар Планина[11]. Л. Славева, се чини, ја прифаќа размислата за постоење на град Полог, при што за негова убикација понудува извадоци од повелба за манастирот Архангели крај Призрен, но со задршка дека е сепак возможно истите да се однесуваат на самата област Полог[12]. Б.Бешевлиев, кој заедно со С.Кендерова ги обработиле картите приложени кон пишаниот текст на "Географијата" на ал-Идризи, се приклонува кон мислењето на А. Селишчев и Ст. Романски за идентификација на Полог со Тетово, посочувајќи дека името на градот преминало во име на областа, а самиот град добил друго име[13]. М. Војнов и А. Фајер во коментарите на Пахимеровиот текст за настани одиграни во 1259 година, го бараат градот Полог во навдената област, односно близу Тетово[14].

При утврдувањето на степенот на вистинитост на изворните податоци од "Географијата" на ал-Идризи кои се однесуваат на Полог, нашата интенција е да го разгледуваме проблемот по следниов редослед: дали информациите кај ал-Идризи се неприкосновени (веродостојни); што велат современите извори; дали Идризиевите вести имаат поткрепа во подоцнежни извори; каков заклучок се наметнува.

---

[9] Т.Томоски, Дали постоел град Полог, 271, 275. Но, подоцна го рехабилитирал ал-Идризи и неговите информации ги прифаќа како доказ за постоење на град со име Полог, лоцирајќи го меѓу селата Калишта и Пожаране на локалитетот Соколец, сп. Т.Томоски, Градови во Полог, Македонија, 129, 133, 144-146 (истото и во: Нацрт - карта, Македонија, 366).

[10] Б.Недков, "Географията" на Идриси, 37 бел. 43 (на страна 112).

[11] Monumenta Cartographica Jugoslaviae II, 16 (Г.Шкриваниќ).

[12] Л.Славева, Полог, 75-76.

[13] С.Кендерова-Б.Бешевлиев, Картите на Ал-Идриси, 41-42.

[14] ИБИ XXII ГИБИ X, 150 бел. 16; Pachymer I, 150 бел. 3 (ed. Failler-Laurent).

Евалуацијата на податоците понудени кај ал-Идризи укажува на бројни неточности и тоа како во пишаниот текст така и во приложената карта, појавени, се чини, првенствено поради фактот што тој не ги посетил лично Балканскиот полуостров и Македонија[15], па така ни Полог.

Така, кај ал-Идризи се провлекле грешки во сите сегменти од неговата "Географија" кои се однесуваат на Македонија и тоа, како кај обласно-географските наименувања и хидрографијата така и кај оронимите претставени на неговата карта, особено оние кои се поврзани со местоположбата на Полог. Ниту неговата топонимија не е имуна на неправилности, за што еклатантни примери, меѓу другите, се случаите со Полог, Маласува и Загурија[16]. Оттука, сомнежите за исправноста на понудениот податок за постоење на средновековен град со име Полог, аналогно на понудените случаи Загурија и Маласува, средновековни области за кои ал-Идризи исто така вели дека се градови, се чинат сосема реални. Имено, воопшто не е неверојатно и во информацијата за Полог да се содржела неточност во смисол на посочување на името Полог за средновековен град, наместо за област.

При натамошна евалуација на податокот за постоење на град Полог во делото на ал-Идризи, истиот ќе го сочелиме со современите изворни известија за Полог за да утврдиме можна потврда на ваквите ал-Идризиеви информации. Веднаш да посочиме дека под "современи" ги подразбираме оние извори кои настанале во истото, или во првите децении од наредното столетие. Станува збор за три извори, два со византиска и еден со српска провениенција: Алексијадата на Ана Комнина, Жи-

[15] Спротивно мислење застапува C.G.Savvides, Notes on al-Idrisi, 448, 451.

[16] На ваквите неправилности во делото на ал-Идризи детално се задржуваме во трудот "Вистинската перцепција за Македонија кај ал-Идризи (случајот со Булугу, Маласува, Загурија)" понуден во Зборникот на трудови од Меѓународната научна конференција по повод 60 години од Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 08-09.12.2006г, Македонија и соседите, Скопје 2010, 226-235.

тието на Стефан Немања напишано од Стефан Првовенчаниот и три синодални акти од времето на Димитриј Хоматијан.

Во делото на Ана Комнина, настанато речиси истовремено (меѓу 1148-1155 година)[17] со "Географијата" на ал-Идризи, во три наврати се споменува Полог односно неговата плурална форма Полози, при што, најверојатно се мисли на Горен и Долен, но не и на град Полог. Византиската писателка, говорејќи за византиско-норманската војна во првата половина на осумдесеттите години на XI век, на двапати ги споменува Полозите: најпрво посочува дека кон крајот на 1082 година норманскиот војсководач Петар Алифа ги освоил двата Полога (δὺο Πολόβους)[18]; потоа, соопштувајќи за настани кои се одиграле есента 1083 година истакнува дека норманскиот челник Боемунд му доверил на Петар Алифа да ги чува Полозите во негово отсуство (τὸν τοὺς Πολόβους φιλάσσοντα Πέτρον τοῦ Ἀλίφα)[19]; третиот спомен Ана Комнина ни го предочува во делот за византиско-српските непријателства во почетоткот на деведесеттите години на XI век, каде соопштува дека пред почетокот на зимата 1093 година, рашкиот жупан Волкан ги освоил Полозите (τὸν Πόλοβον καταλαβὼν)[20].

Во Житието на Стефан Немања, настанато во првите децении на XIII век, уште поексплицитно доаѓа до израз употребата на името Полог во значење на област, а не град. Според истото, великиот жупан Стефан Немања, во рамките на преземениот опсежен поход на византиско тло на крајот на 1189 и почетокот на 1190 година, на пустошење и разурнување ги подложил градот Лешок во Долен Полог и градот Градец (и градъ Лѣшьскъ оу Дол҃немь Полозѣ и град(ь) Градьць)[21]. Натамошните

[17] A.Com. II, 5 (ed. Reinsch-Kambylis). Според Ј.Н.Љубарски (Анна Комнина, Алексиада, 18-19) византиската писателка сè уште го немала завршено своето дело во 1148-та година. Во ВИНЈ III, 367 (Б.Крекиќ) сметаат дека истото настанало во 1148г.

[18] A.Com. II, 22, 12 (ed. Leib); A.Com. II, 153, 73 (ed. Reinsch-Kambylis).

[19] A.Com. II, 32, 20-21 (ed. Leib); A.Com. II, 161, 26-27 (ed. Reinsch-Kambylis).

[20] A.Com. II, 169, 7 (ed. Leib); A.Com. II, 267, 12 (ed. Reinsch-Kambylis).

[21] Стефан Првовенчани, Житије, (30, 20-31, 5) 31, 3.

информации во Житието известуваат за тоа дека великиот жупан, покрај останатите, кон својата држава ги припоил двата Полога со нивните меѓи (**Приложи же къ ѕем'ли wтчествиа своѥго… и Пологa wба до кон'ца съ мегами своими**)[22].

Во синодалните акти на Охридската архиепископија од времето на хартофилаксот и архиепископ Димитриј Хоматијан од првите децении на XIII век станува збор за Горен Полог, област Полог, Долен Полог и Полог. Така, во документот No. 94, каде е забележан монахот Герасим како духовник при Богородица во Ктетово, наведено е дека тој потекнувал од Горен Полог (ἀπὸ τοῦ Ἄνω Πολόγου)[23]. Нешто подолу во истиот акт се наведува област (земја) Полог, во делот каде што станува збор за период кога таму имале власт Другувитите (τοῦ Πολόγου χώρας)[24]. Долен Полог е споменат во документот No. 103, каде се зборува за разводот на бракот и обидот за повторно заеднично живеење меѓу Георги и Обрада, која потекнувала од Долен Полог (ἐν τῷ Κάτω Πολόγῳ)[25]. Споменот за Полог кај Хоматијан е сочуван уште во еден акт, означен со No. 58, каде се зборува за оставнината на свекорот на вдовицата Марија, за која се вели дека била од Полог (ἀπὸ τοῦ Πολόγου)[26].

Од изнесениве изворни екскурси од современите извори сосема јасно се забележува отсуство на потврдни вести за постоење на град Полог, дури напротив, истите известуваат за градови во Полог, како и област Полог односно Горен и Долен Полог, со што информацијата содржана во делото на Идризи останува осамена.

Соопштувањето од ал-Идризи за постоење на средновековен град Полог не наоѓа потврда ниту во подоцнежните извори. Имено, во изворите од втората половина на XIII и целиот XIV век постојат експлицитни спомени за Полог, но за област, а

[22] Исто, 31, 10-13.
[23] Ponemata diaphora, No. 94, 316, 9-11.
[24] Ponemata diaphora, No. 94, 316, 27.
[25] Исто, No. 103, 337, 8.
[26] Исто, No. 58, 207, 3.

не и за град со тоа име, кој не се споменува ниту во османските пописни дефтери од XV и XVI век[27].

Византискиот историчар Георги Пахимер, известувајќи за едно византиско пратеништво кое во почетокот на седумдесеттите години на XIII век од Охрид одело за Липљан, наведува дека минале низ "божјиот рај/божја шумичка" Полог (ἄλσος θεοῦ)[28].

Јован Кантакузин, соопштувајќи за настани кои се одиграле во 1320/1321 година, вметнува податок дека Полог (Πολόγου) во седмата деценија на XIII век бил организиран како топархија (τοπαρχίαν), на чело со топархот Јован Синадин[29].

Во Виргинската грамота на бугарскиот цар Константин Асен од 1258 година[30] и Милутиновата од 1299/1300 година[31], издадени на Скопскиот манастир Св. Георги-Горг, во делот каде што се зборува за селото Речица, се наведува дека истото се наоѓа "въ Ѡбласти Положькои". Потоа, во продолжение на текстот, во првонаведената повелба се понудени селата Точиль и Баници, кои се подведени под Горен Полог (И въ Горнемь Полозѣ... Село Тѡчилъ... Село Баници...)[32], додека во второпосочената грамота следува информација според која во терито-

[27] А.Стојановски, Д.Ѓоргиев, Населби и население во Македонија-XV и XVI век, Скопје 2001. Види и Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер No. 4 (1467-1468 година), Скопје 1971.

[28] Pachymer I, 352, 14-15 (rec. Bekkerus); Pachymer I, 455, 7-8 (ed. Failler-Laurent). Во еден друг случај кога Пахимер го забележал походот на Јован Палеолог, братот на Михаил VIII, во Албанија, споменува Полог, кој, бездруго се наоѓал во југоисточна Албанија, бидејќи е наведен како освоен по Берат, а пред Колонија, сп.: Pachymer I, 106, 17-107,6 (rec. Bekkerus); Pachymer I, 151, 5-14 (ed. Failler-Laurent).

[29] Cant. I, 37, 19-20.

[30] В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 191; Й.Иванов, Български старини, 583; В.Начев, Царски грамоти, 50.

[31] В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I, 224; С.Новаковић, Законски споменици, 614; А.Соловјев, Одабрани споменици, 74-75.

[32] В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I, 193; Й.Иванов, Български старини, 583-584; В.Начев, Царски грамоти, 51.

ријално-административен поглед Полог бил организиран како жупа (**И комоу се дасть жоупа Полож'ка на дрьжавоу... ни владалць дрьжещаго жоупоу тоу**)[33].

Според повелбата издадена од византискиот цар Андроник II за Хилендарскиот пирг во крајот на XIII век, по молба на кралот Милутин, Полог е наведен како област во плурална форма, каде се набројени имоти кои до моментот на дарувањето биле во сопственост на скопскиот манастир (**И ѵ Полозѣ село Нерація... и друго мѣсто наречено Радѣиво**)[34].

Податоците од Сводната грамота на кралот Милутин за Хилендар и пиргот Хрусија настаната во почетокот на XIV век исто така говорат за Полог како за област (**прѣиѣхъ по м'чю Скоп'скоу страноу... и Полож'скоу**)[35].

Уште поексплицитно е сведоштвото на Милутиновиот биограф кој наведува дека во 1282 година кралот, меѓу другите, ги зазел двата Полога со нивните градови и со областите (**оба Полога съ градовы ихъ и съ областию**)[36].

Во Милутиновата Грачаничка повелба од 1320/21 година се зборува за села, имоти и зависно население кои се наоѓале во Полозите: "**оу Полозѣ Сдри црькы светаго Димитрига... и Борково мѣсто, цю се находи оу Подьбрѣзѣхъ... и оу Лгащца все, цю ѥ нади Борково**"[37]. Се чини, областа Полог, и тоа во плурал, уште еднаш се споменува во оваа грамота, во делот каде подарените села и

[33] В.Мошин, Л.Славева, К.Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I, 224; С.Новаковић, Законски споменици, 614; А.Соловјев, Одабрани споменици, 75.

[34] В.Мошин, Л.Славева, Манастирот Св.Никита, Споменици I, 290, 320; В.Мошин, Л.Славева, Грамота на цар Михаил IX Палеолог, 290; Chilandar I, 126; Zivojinovic-Kravari-Giros, Chilandar I, 172, 174, 299.

[35] В.Мошин, Л.Славева, Сводна грамота, 313 и бел. 29; Chilandar II, 416; С.Новаковић Законски споменици, 476.

[36] Данило, 108-109.

[37] Fr.Miklosich, Monumenta Serbica, 564; С.Новаковић, Законски споменици, 635; М.Павловић, Грачаничка повеља, 130; А.Соловјев, Одабрани споменици, 102.

земји се наоѓале "и по Врању и по Славицюу и по... и по Ѯлетовои и по Морозвиздоу и по Полозѣхъ"[38].

Во грамотата за призренската епископија од 1326 година издадена од Стефан Дечански се содржани одредници за поделеноста на областа на Горен и Долен Полог: членот 9 известува за црквата Св. Врачи во горнополошкото село Поточе (оу Гор'нѣмь Полозѣ црквьи Светыю Врачю оу Поточахъ); членот 11 говори за црквата Св.Богородица во селото Лешок во Долен Полог (оу Долнѣмь Полозѣ оу Лѣщѣ црквь Светиѥ Богородице)[39].

Неколку повелби издадени од Стефан Душан исто така известуваат за Полог, односно Полозите, како за област: Душановата грамота за Дубровчаните била издадена при неговиот престој во Полог/зите на 22.01.1333 година (оу Полѡзѣ)[40]; Трите Трескавечки повелби, меѓу другото, известуваат за имоти во Полозите (1. Оу Полозѣ...[41]; 2. село вь Полозе...[42]; 3. Оу Полозѣ...[43]); Душановата грамота за Хтетовскиот манастир говори за полошката земја (прѣдаю вь wбласти кралиев'ства ми ѕемлю Полож'коую)[44]; Архангелската повелба го споменува Полог во два наврата: (членот 126) при одредувањето на дел од меѓите на атарот на' косовското село Крьстьц (дотлеѕи мегта Крьстьцоу wть Полога), (членот 142) при подарување на полошкото село Селце (село оу Полозѣ Селце)[45]; Општата Хилендарска грамота, во која според членот 8 на Хилендар му се подаруваат и потврдуваат одредени имоти во Полозите, дотогашна сопственост на

[38] М.Павловиќ, Грачаничка повеља, 132.
[39] Л.Славева, Полог, 268-270; С.Новаковиќ, Законски споменици, 639-640.
[40] С.Новаковиќ, Законски споменици, 298; Fr.Miklosich, Monumenta Serbica, 104; А.Соловјев, Одабрани споменици, 120.
[41] В.Мошин-Л.Славева, Грамотите, 85; С.Новаковиќ, Законски споменици, 666.
[42] В.Мошин-Л.Славева, Грамотите, 121; С.Новаковиќ, Законски споменици, 668 (член 13, недоволно расчитано и нејасно).
[43] В.Мошин-Л.Славева, Грамотите, 147.
[44] Л.Славева, Полог, 310; Chilandar II, 464; С.Новаковиќ, Законски споменици, 657.
[45] Л.Славева, Полог, 387, 393; С.Новаковиќ, Законски споменици, 696 (само за член 142).

Хтетовскиот манастир (Оу Полозѣ црькоу Мати Божіа Хтѣтов'ска и сь сели)[46].

Полог продолжил да се перцепира како Област и во втората половина на XIV век. Така, во еден запис кој се датира во периодот 1364/1366-1371 година, сочинет од еромонахот Михаил од селото Лешница по повод препишувањето на една книга за попот Михо од село Дебреше, забележано е дека истиот настанал во времето кога во Полог управувал Гргур, благородникот на крал Волкашин (писахъ въ дни Вълкашина крал кьди дрьжаше Грьгоуръ Пологъ)[47].

Поделеноста на оваа област на Горен и Долен Полог, освен во документираните, наоѓа потврда и во материјалните извори. Така, епиграфскиот натпис врежан на саркофагот во кој бил погребан ктиторот на црквата Св.Атанасиј Александриски крај манастирот Лешок, во четвртиот ред, на работ од десната страна на мермерниот поклопец е испишано дека духовникот Антониј бил поставен за првопрестолен епископ на Долен Полог (епискоупство долнемоу пологоу), бидејќи дотогаш немало епископ во Полозите (понеже нѣе вило прѣге (є)пискоуп(ь) (п)олозѣ)[48].

И покрај овие еклатантни изворни сведоштва, неколку видни авторитети во историската наука, повикувајќи се на известувањата на биографот на Скендербег, Марин Барлети од почетокот на XVI век, "нашле" потврда на вестите на ал-Идризи за постоење на град Полог. Во продолжение ги понудуваме нивните ставови.

А.М.Селишчев, како поткрепа на информациите на ал-Идризи за постоење на град Полог, придодава и податок од М.Барлети, повикувајќи се на неговата седма книга, но во белешката под текстот го цитира W.Tomaschek[49], каде, според него, наводно стои дека "urbs Pologus" се наоѓал таму каде што

[46] Л.Славева, Полог, 439; Chilandar II, 496; С.Новаковић, Законски споменици, 422.

[47] Љ.Стојановић, Записи и натписи, IV No. 6054; Й.Иванов, Български старини, 90.

[48] Г.Томовић, Морфологија, 65-66 бр. 47.

[49] W.Tomaschek, Der Arabers Idrisi, 361.

завршувал "бугарскиот пат" од горен Дебар и Модрич (во Дримкол), за да се сврти потоа на исток кон Скопје[50]. Сосема идентично се произнел и Ст.Романски, кој дословно го пренел ваквиот став на А.Селишчев во својата статија[51]. Р.М. Грујиќ посочува дека кај двајца стари писатели, ал-Идризи и М.Барлети, се наоѓа спомен за "град Полог". Притоа, повикувајќи се исто така на седмата книга на М.Барлети, страница 205 и 206, Р.М. Грујиќ вели дека на патот од Горен Дебар за Скопје се наоѓа "campestria Pologi, ubi sita est urbs Pologus"[52]. Ј.Трифуноски го застапува истиот став и дури ни го дава и истиот извадок од Барлети каков што е и кај Р.М. Грујиќ, но во фуснотата (бел. 2) истакнува дека цитира не според оригиналот туку преку Р.М. Грујиќ[53]. Т. Томоски исто така вели дека Полог како град го споменуваат двајца стари писатели ал-Идризи и М.Барлети. Но, во продолжение на својата статија тој запаѓа во контрадикторност, бидејќи во трите понудени цитати, кои се екскурси од делото на М.Барлети, Полог се споменува како "locus ... uel regio", потоа "campestria Pologi" и "montes Pologi"[54], но нема никаков спомен за т.н. "urbs Pologus".

Посоченово го предизвика нашиот интерес за делото на М.Барлети. Во него, на пет места се споменува за Полог и тоа, четири во седмата и едно во осмата книга. Вкупниот број на споменувања на Полог во ова дело е шест пати (во пасосот на стр. 205-206 Полог се споменува двапати). Но, ниту во еден од нив нема спомен за град Полог. Во продолжение ги понудуваме

---

[50] А.М.Селищев, Полог, 76 (види и бел. 1).
[51] Ст.Романски, Тетово и Пологъ, 6.
[52] Р.М.Грујић, Полошко-Тетовска епархија, 39.
[53] Ј.Трифуноски, Где се налазио град Полог, 153. Сп. и С.Радовановић-Јов.Трифуноски: Где се налазио град Полог, 611-612.
[54] Т.Томоски, Дали постоел град Полог, 271, 273-275. Во друг труд се произнел идентично како и А.М.Селищев, но забележал дека пишувањето на М.Барлети нема потврда во османските пописни дефтери од XV век, сп. Т.Томоски, Градови во Полог, 145 и бел. 87.

петте извадоци од каде може да се согледа контекстот и именските форми под кои е забележан Полог.

Најпрво се осврнуваме на делот каде наводно е содржана информацијата за градот Полог во седмата книга на страница 205 и 206. Цитатот гласи: "Consederat Barbarus in campestri loco quodam ipsius Pologi expectaturus. Mocreus ab una parte mons noster, ab altera oppidum Turcarum, Scopiam dicunt, terminabant planiciem. Erant & duo alii montes cingentes planum, insignis altitudinis, quos nunc peculiariori vocabulo, montes Pologi audio appellari"[55]. Во понуденио екскурс вистина е дека се споменува Полог и тоа во два наврата, но не како град, како што се обидуваат да ни го претстават споменатите авторитети, туку како долина Полог и Полошки планини. Дотолку повеќе, воопшто нема спомен за некаков "бугарски пат", како што од преводот на А.Селишчев и Ст.Романски може да се заклучи, ниту пак за тоа дека во долината на Полог се наоѓа градот Полог, на што нé упатуваат Р.М.Грујић и Ј.Трифуноски.

Ниту во преостанатите четири места нема никаков спомен за град Полог. Имено, претходно, поточно нешто пред посочениов извод, во делото на М.Барлети го наоѓаме првичниот спомен за Полог: "Debreas superata jam maxima parte tractus Tribalorum (Bulgariam vulgo appellant) Pologum attigerat, locus est ita vocatus ab incolis, vel regio potius ejusdem Bulgariae Barbaris parens, non multum distans a finibus Epirotici imperii"[56]. Во овој извадок Полог сосема јасно е засведочен како име на место,

[55] Варваринот логорувал на некое место во долината на Полог и го чекал утрото. Долината се граничела од една страна со нашата планина Мокреа, а од друга страна со турскиот град кој се вика Скопје. Има и две планини кои ја опкружуваат долината, со една истакната висина, за кои слушам дека ги викаат со едно посебно име Полошки планини (наш превод), сп. Vita Georgii Castrioti, 205-206. Види го и албанскиот превод на делото на Барлети во Marin Barleti, Historia, 302.

[56] Дебарчанецот, откако го поминал поголемиот дел од земјата на Трибалите (која народно се вика Бугарија), стигнал во Полог, место вака наречено од локалното население или подобро една област на споменатата Бугарија која е под власт на варварите и која не е многу далеку од границите на Епирската империја (наш превод), сп. Vita Georgii Castrioti, 205. Види и Marin Barleti, Historia, 302.

односно област. При следното споменување на Полог се вели: "Mahumetem eo rerum miracolo perculsum, stupor quidam non sine incessione timotis invaserat, vix sieri posse dicebat, ut ea hominum paucitate, sines suos, & Pologi campestria adversus Debream ingressum Scanderbegum crederet:"[57]. Тука станува збор за Полошката долина. Кон крајот на седмата книга, М.Барлети повторно го споменува Полог: "Numerastis in Mokrea valle publice, privatimque petitum tam cupide tributum istud, numerastis nuper in Pologensi argo"[58]. Во овој извод се споменува за Полошко поле. Последниот спомен се наоѓа во осмата книга: "Quum nunciatum est exercitum in duas partes divisum, & Hamur eum dimidio copiatum ibi remansisse. Sinam cum reliquis campestria pologi Mocreas versus petiisse, unde aditus in Dibram superiorem, atque Modrissam erat:"[59]. Тука повторно станува збор за долината на Полог.

Очигледно, постоењето на "urbs Pologus" во XV век-аргумент кој во научната јавност се сметаше за сериозна поткрепа на известието на ал-Идризи е невистинит. Оттука, единственото сведоштво за постоење на градот Полог во средниот век и, воопшто, низ историјата останува и понатаму содржано само во делото на ал-Идризи.

Неминовниот заклучок кој се наметнува е прифаќање на сомнежот искажан уште од Ст.Романски дека кај ал-Идризи имено дошло до превид (грешка), при што, како што укажа Т.Томоски, името на градот Полог, всушност се однесува на не-

[57] Мехмет, вознемирен од овие настани, тешко дека можел да поверува дека Скендербег со толку малку луѓе навлегол во долината на Полог (наш превод), сп. Vita Georgii Castrioti, 211. Види и Marin Barleti, Historia , 308-309.

[58] Му го избројавте данокот што го бараше доброволно во долините на Мокра, а малку пред тоа и во Полошкото поле (наш превод), сп. Vita Georgii Castrioti, 217. Види и Marin Barleti, Historia, 315.

[59] Беше соопштено дека противничката војска се поделила на два дела и Хамур со едниот дел останал на местото, а Синан со остатокот се упатил за долината на Полог наспроти Мокреа, каде што се наоѓаше приодот кон Горен Дебар и Модрич (наш превод), сп. Vita Georgii Castrioti, 276. Види и: албанскиот превод во Marin Barleti, Historia, 382; македонскиот превод кај Љ.Басотова, Скендербег, 305. Во меѓувреме излезе од печат целосниот превод на македонски јазик на посоченото дело: М. Барлети, Скендербег, Скопје 2008.

која населба во таа област. На тоа, бездруго, упатуваат сите изворни сведоштва, со исклучок на ал-Идризиевите, кај кои под името Полог се подразбира географски поим кој не е идентичен со известувањата во "Географијата" за постоење на средновековен град со име Полог.

РЕФЕРЕНЦИ:

ИЗВОРИ:

1. **Анна Комнина, Алексиада**----------Анна Комнина, Алексиада. Вступительная статья, перевод, комментарий Я.Н.Любарского, Москва 1965.
2. **Љ.Басотова, Скендербег**----------Басотова Љ., Нашите краишта и луѓе во Биографијата на Скендербег од Марин БАрлети, Историја X/1, Скопје 1974.
3. **M.Barleti, Vita Georgii Castrioti**----------Barletio Marino, Vita st res praeclare gestae christi athletae Georgius Castrioti Epirotarum Princips, Zagrabiae 1743.
4. **ВИНЈ** III----------Византијски извори за историју народа Југославије, Том III, Београд 1966.
5. **P.Gautier, Théophylacte**----------Théophylacte d`Achrida. Lettres. Introduction, texte, traduction et notes par Gautier P., Thessalonique 1986.
6. **Данило**----------Животи краљева и архиепископа српских, написао Данило и други, издао Ђ. Даничић, Загреб 1866.
7. **Zivojinovic-Kravari-Giros, Chilandar I**----------Živojinović M.-Kravari V.-Giros Ch., Actes de Chilandar I, des origines à 1319, Paris 1998.
8. **ИБИ XXII, ГИБИ X**----------Извори за българската история XXII, Гръцки извори за българската история X, София 1970.
9. **Й.Иванов, Български старини**----------Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание, София 1970.
10. **Cant. I**----------Joanis Cantacuzeni eximperatoris historiarum libri IV. Ed. L. Schopen, T. I, Bonae 1828.
11. **A.Com (ed. Leib) II**----------Anne Comnène, Alexiade. Regne de l'empereure Alexis I Comnène (1081-1118). Tome II-Paris 1943. Texte établi et traduit par B.Leib.

12. **A.Com. (ed. Reinsch-Kambylis) II**----------Annae Comnenae Alexias, recensuerunt Reinsch D.R.-Kambylis A., pars II, prolegomena et textus, Berolini et Novi Eboraci MMI.
13. **Marin Barleti, Historia**----------Marin Barleti Shkodran, Historia e jetës dhe e vepravet të Skenderbeut, Tiranë, 1964.
14. **Fr.Miklosich, Monumenta Serbica**----------Miklosich Fr., Monumenta Serbica Spectantia Historiam Serbiae, Bosnae, Ragusii. Edidit Fr. Miklosich, Viennae 1858.
15. **В.Мошин, Л.Славева, Грамота на цар Михаил IX Палеолог**---------- Грамота на цар Михаил IX Палеолог за манастирот Св. Никита кај Скопје од 1299 (?), по април, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В., Славева Л., Споменици, Том I, Скопје 1975.
16. **В.Мошин, Л.Славева, Грамотите**---------- Славева Л., Мошин В., Грамотите на Стефан Душан за манастирот Трескавец, Споменици, Том IV, Скопје 1981.
17. **В.Мошин, Л.Славева, Манастирот Св. Никита, Споменици I**----------Превод на грамотата од царот Андроник II Палеолог за манастирот Св. Никита (1299-1300) дополнета со податоци за предавањето на манастирот Св. Никита на хиландарскиот пирг Хрусија (според исчезната грамота ан кралот Милутин), со датум мај, VI индикт, 1308 година, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В., Славева Л., Споменици, Том I, Скопје 1975.
18. **В.Мошин, Л.Славева, Сводна грамота**----------Сводна грамота на крал Милутин на Хиландар и пиргот Хрусија, веројатно од 1303 година, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В., Славева Л., Споменици, Том I, Скопје 1975.
19. **В.Мошин-Л.Славева-К.Илиевска, Грамота на крал Милутин, Споменици I**----------Грамота на крал Милутин, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В.-Славева Л.-Илиевска К., Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том I, Скопје 1975.

20. **В.Мошин-Л.Славева-К.Илиевска, Грамота на цар Константин Асен, Споменици I**----------Грамота на цар Константин Асен, Текстови со регести и со коментар подготвиле: Мошин В.-Славева Л.-Илиевска К., Споменици, Том I, Скопје 1975.
21. **В.Начев, Царски грамоти**----------Начев В., Български царски грамоти. Съставителство, очерци, коментар, София 1996.
22. **Б.Недков, "Географията" на Идриси**----------Недков Б., България и съседните ѝ земи през XII век според "Географията" на Идриси, София 1960.
23. **С.Новаковић, Законски споменици**----------Новаковић С., Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912.
24. **М.Павловић, Грачаничка повеља**.....Павловић М., Грачаничка повеља. Гласник Скопског Научног Друштва, Књига III, Одељење друштвених наука 1, Скопље 1928.
25. **Pachymer I (ed. Bekkerus)**----------Georgii Pachymeris De Michaele et Andronico Palaeologis Libri III, V, ed. E.Bekkerus, Volumen Prius, Bonnae 1835.
26. **Pachymer I, (ed. Failler-Laurent)**----------Georges Pachyérès Relation Historique I. Livres I-III, édition, introduktion et notes par Failler A., traduction francaise par Laurent V., Paris 1984.
27. **Ponemata Diaphora**----------Demetrii Chomateni, Ponemata Diaphora. Corpus Fontium Historiae Byzantinae, Volumen XXXVIII, Series Berolinensis, Ediderunt H.-G.Beck, A.Kambylis, R.Keydell. Recensuit Günter Prinzing, Berolini et Novi Eboraci MMII.
28. **А.Соловјев, Одабрани споменици**----------Соловјев А., Одабрани споменици српског права од XII до краја XV века, Београд 1926.
29. **Стефан Првовенчани, Житије**----------Житије Симеона Немање од Стевана Првовенчанога, изд. Ћоровић В., Светосавски зборник кн. 2, Београд 1939.

30. **Љ.Стојановић, Записи и натписи**----------Стари српски записи и натписи. Сакупио их и средио Љ.Стојановић. Фототипска издања Књ. 10 (књ. 4), Београд 1986.
31. **Г.Томовић, Морфологија**----------Томовић Г., Морфологија ћириличних натписа на Балкану, Београд 1974.
32. **Chilandar I; II**----------Actes de Chilandar: Premiere partie. Actes Grecs. Publies par L.Petit, Санктпетербургъ 1911; Deuxieme partie. Actes Slaves. Publiés par B.Korablev, Петроградъ 1915.

ЛИТЕРАТУРА:

1. **Р.М.Грујић, Полошко-Тетовска епархија**---------Грујић Р.М., Полошко-Тетовска епархија и манстир Лешак, ГСНД Књ. XII, Скопље 1933.
2. **С.Кендерова-Б.Бешевлиев, Картите на Ал-Идриси**---------- Кендерова С.- Бешевлиев Б., Балканският Полуостров изобразен в картите на Ал-Идриси. Палеографско и историко-географско иследване, част I, София 1990.
3. **Monumenta Cartographica Jugoslaviae II**----------Monumenta Cartographica Jugoslaviae II, Београд 1979.
4. **С.Радовановић-Јов..Трифуноски: Где се налазио град Полог**----------Радовановић С.,-Јов.Трифуноски, Где се налазио град Полог? Гласник Етнографског института Српске академије наука, I/1-2, Београд 1952.
5. **Ст.Романски, Тетово и Пологъ**----------Романски Ст., Имената на нѣкои македонски градове. Тетово и Пологъ, Македонски Преглед, VII/4, София 1932.
6. **G.C.Savvides, Notes on al-Idrisi**----------Savvides G.C., Notes on al-Idrisi, Byzantium and the Balkans, On the occasion of a new publication concerning the "Kitab al-Rujar's" Balkan section, Byzantinoslavica LX (1999) 2, Prague 1999.
7. **А.М.Селищев, Полог**----------Селищев А.М., Полог и его болгарское население. Исторические, этнографические и диалектологические очерки северо-западнои Македонии (с этнографическою картою Полога), София 1929.

8. **Л.Славева, Полог**----------Славева Л., Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том III, Скопје 1980.
9. **W.Tomaschek, Der Arabers Idrisi**----------Tomaschek W., Die Handelswege im 12 Jarhundert nach der Erkundigungen der Arabers Idrisi. Zur Kunde der Hämus-Halbinsel II, 361.
10. **Т.Томоски, Дали постоел град Полог**----------Томоски Т., Дали постоел град Полог, ГИНИ I/1, Скопје 1957.
11. **Т.Томоски, Градови во Полог, Македонија**----------Томоски Т., Средновековни градови во Полог, Македонија низ вековите-градови, тврдини, комуникации, Скопје 1999.
12. **Т.Томоски, Нацрт-карта**----------Томоски Т., Нацрт-карта на некои средновековни градови во Македонија, Македонија, Скопје 1999.
13. **Ј.Трифуноски: Где се налазио град Полог**----------Трифуноски Ј., Где се налазио град Полог? Гласник српске географског друштва, XXVIII/2, Београд 1948.

Boban Petrovski

THE QUESTION OF THE EXISTENCE OF A MEDIEVAL TOWN POLOG

Summary

The only one data of the existence of a medieval town Polog is contained in "The Geography" written by the Arabic writer al-Idrizi, in the middle of the XII century. However, this data being faced with not only the contemporary but also with the later authentic testimonies can not support the scientific critics because of the fact that all the other sources testify to the existence of Polog or Polozi as an area(Upper and Lower), and not as a town. Our analyses showed that even the biographer of Skenderbeg, Marin Berleti from the XVIc who is referred to by particular historical authorities, has no information that testifies to the existence of such medieval town. Therefore, one can conclude that the name of the al-Idrizi's town Polog actually refers to some settlement in the Polog area.